Број: 02 - _____
_____ 2017 година
С к о п ј е

ЗАПИСНИК
од ССХХII седница на Управниот одбор на
Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
одржана на 26 април 2017 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Присутни членови на Управниот одбор:

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

Отсутни членови на Управниот одбор:

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член.*

Присутни од ФЗОМ:

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Владимир Димковски, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети по што го прочита претходно доставениот

П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д

- *Усвојување на записниците од 216, 217, 218, 219, 220 и 221 седница на Управниот одбор*

1. Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски;

2. Усвојување на годишниот извештај за работењето на ФЗОМ во 2016 година;

3. Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко-консултативната здравствена заштита за 2017 година (ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје и ПЗУ Д-р Љупчо - Тетово);

4. Разгледување на барања упатени до Управниот одбор

- Барање за откупување на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над а.д. Младина од Скопје

- Барања од вработени

5. Разно.

Потоа наведе дека поради фактот што до почетокот на седницата не беа доставени работни материјали за точката „Усвојување на записниците од 216, 217, 218, 219, 220 и 221 седница на Управниот одбор“ како ни за барањето од вработени, кое е во рамките на точката 4 - Разгледување на барања упатени до Управниот одбор, тие точки се симнуваат од дневниот ред. Од друга страна доставени се за разгледување дополнителни барања и тоа Барање од ПЗУ Око од Скопје, Барање од ПЗУ Д-р Магдалена П. Јовановска од Ресен и 4. Барање од Стакларница-Стаклена волна од Скопје. Предложи, тие барања да бидат разгледани на денешната седница. Предлозите беа едногласно прифатени од членовите на Управниот одбор, по што за работата на ССХХII -та седница едногласно се усвои следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски;

2. Усвојување на годишниот извештај за работењето на ФЗОМ во 2016 година;

3. Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени

услуги од областа на специјалистичко-консултативната здравствена заштита за 2017 година (ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје и ПЗУ Д-р Љупчо - Тетово);

4. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

- *Барање за откупување на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над а.д. Младина од Скопје*
- *Барање од ПЗУ Око од Скопје*
- *Барање од ПЗУ Д-р Магдалена П. Јовановска од Ресен*
- *Барање од Стакларница-Стаклена волна од Скопје.*

5. *Разно.*

Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.

ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски

Предлогот го објасни директорот Стефаноски. Укажа дека истиот на 29 март беше ставен на изјаснување на Управниот одбор без одржување на состанок, врз основа на членот 21 на Деловникот за работата на Управниот одбор. Предлогот не беше усвоен бидејќи по него не се изјаснија сите членови, поради што се дава на разгледување на денешната седница. Потоа наведе дека за прв пат во Република Македонија се воведуваат услуги од областа на позитрон-емисионатомографија, попознати како ПЕТ Скен, кои ќе се изведуваат во новоформираниот ЈЗУ Универзитетски Институт за позитронско-емисиона томографија. Во истата установа ќе биде и производството на радиоизотопите кои се користат за изведување на овие услуги. За таа цел од Институтот доставија исцрпна анализа за реалните трошоци при изведувањето на овие здравствени услуги и како и барање за дефинирање на пакетите и референтните цени во специјалистичко- консултативна здравствена заштита. Анализата е направена според насоките и табелата на калкулативни елементи кои според утврдена методологија учествуваат во формирање на референтните цени на Фондот за здравство, односно вклучени се трошоците за производството на радиоизотопот (плата, производство и одржување), како и трошоците за пружање на здравствената услуга (плата на тимот, режиски трошоци, одржување на простории и опрема). Во предлогот за формирање на пакети и нивни цени не е вкалкулирана цената на компјутерската томографија од причина што кој дел од телото ќе се снима зависи од пациент до пациент и можните комбинации практично оневозможуваат да се направат пакети во кои ќе биде вклучен КТ (се добива огромен број на можни комбинации). Од тие причини при фактурирањето на услугите за ПЕТ Скен ќе се овозможи покрај еден од погоре наведените пакети да може да се комбинира со еден од следните постоечки пакети за КТ.

По објаснувањето и кусата дискусија на членовите што следеше, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената

Одлука

за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски

ТОЧКА 2 - *Усвојување на годишниот извештај за работењето на ФЗОМ во 2016 година*

Во рамките на втората точка на дневниот ред, Управниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2016 година. Воведно излагање даде директорот Стефаноски по што дискутираа членовите на Управниот одбор. Во дискусијата поставуваа и дополнителни прашања на кои одговори и објаснувања даваа директорите Стефаноски и Рамадани и Владимир Димковски.

Илија Глигоров укажа на потребата годишниот извештај да биде објавен и на англиски јазик на што директорите наведоа дека тоа е предвидено да се стори.

Потоа, Управниот одбор едногласно донесе

Одлука

за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2016 година

ТОЧКА 3 - *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко-консултативната здравствена заштита за 2017 година (за ПЗУ Поликлиника Неуромедика – Скопје и за ПЗУ Д-р Љупчо - Тетово)*

Директорот Рамадани го објасни предлогот од точката 3 на дневниот ред. Наведе дека предложените промени на договорните надоместоци на двете здравствени установи се заради престанување на работниот однос на една докторка кај првата здравствена установа, односно престанување на договорот кој Фондот го имал склучено со втората установа.

По објаснувањето, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената

Одлука

за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко-консултативната здравствена заштита за 2017 година

ТОЧКА 4 - Разгледување на барања упатени до Управниот одбор

Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор ги разгледа следните барања: 1. Барање за откупување на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над а.д. Младина од Скопје; 2. Барање од ПЗУ Око од Скопје; 3. Барање од ПЗУ Д-р Магдалена П. Јовановска од Ресен; и 4. Барање од Стакларница-Стаклена волна од Скопје.

1. Во врска со барањето за откупување на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над а.д. Младина од Скопје, со оглед дека по изборите од 11.12.2016 година сеуште не е избрана Владата, Уравниот одбор одлучи најпрвин Фондот да побара Државната комисија за спречување на корупција да даде мислење дали во наведената состојба е во согласност со одредбите на Законот за спречување на корупцијата да се продаде побарувањето. По добивањето на мислењето, барањето повторно да се разгледа.

2. Во врска со барањето на ПЗУ Око од Скопје Управниот одбор се запозна со одговорот на стручната служба кој веќе бил испратен бидејќи истото барање здравствената установа го упатила до управниот одбор и до директорот на Фондот.

3. По објаснувањето на директорите Стефаноски и Рамадани, Управниот одбор го прифати барањето на ПЗУ Д-р Магдалена П. Јовановска од Ресен за враќање на средства на рати.

4. Во врска со барањето на Стакларница-Стаклена волна од Скопје, Управниот одбор го прифати мислењето на стручната служба и одлучи барателот да се извести дека можност за ослободување од каматата под услов да се плати главниот долг беше дадена со Законот за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување од 2015 година.

Потоа, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката Разно и со разгледувањето на точката 4 беше исцрпен дневниот ред, Управниот одбор во 13.50 часот заврши со работата на ССХХII -та седница.

Записничар,
Христо Трповски

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски

Согласен, директор: Д-р Сашо Стефаноски
Орхан Рамадани Orhan Ramadani